**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

## ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, има потреба од доделување на договор за јавна набавка на работи за доизградба, реконструкција и адаптација на објектот на Министерството за финансии (поранешен објект на "БНТ") „клуч во рака„. Електронска адреса за контакт во врска со предметот на набавката: jn_objekt_mf@finance.gov.mk.

За таа цел, договорниот орган: Министерството за финансии спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка во согласност со член 21 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр. 136/2007 и бр.130/2008).

Согласно со член 54 од Законот за јавните набавки огласот за доделување на договорот за јавна набавка истовремено ќе биде објавен на веб страницата на Бирото за јавни набавки, во Службен весник на Република Македонија и во Службено гласило на Европската унија.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот договор за јавна набавка најдоцна до **22.03.2010 година, до 12,00 часот,** по пошта или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии.

Секој економски оператор кој е заинтересиран да учествува во постапката за доделување на горенаведениот договор може да ја подигне тендерската документација во врска со предметот на договорот по електронски пат на следната електронска адреса: jn_objekt_mf@finance.gov.mk. Исто така, тендерската документација снимена на ЦД може да се земе во Министерството за финансии, објект "Технометал-Вардар"-Скопје улица "Димитрие Чуповски" бр.11, 5-ти кат, соба 513.

При подигањето на тендерската документација, економскиот оператор треба да ги достави следниве податоци: назив на фирма, седиште, лице за контакт, телефонски број и e-mail адреса.

Економските оператори кои тендерската документација ќе ја подигнат по електронски пат задолжително доставуваат e-mail порака за уреден прием на истата.

Тендерската документација може да се подигне без надоместок.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на следната електронска адреса jn_objekt_mf@finance.gov.mk.

Сите одговори на поставени прашања или појаснувања, како и евентуалните измени на тендерската документација ќе бидат доставени до сите економски оператори кои подигнале тендерска документација, без да се идентификува

економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **22.03.2010 година** во **12,00** часот, во просториите на Министерството за финансии, ул.„Даме Груев“ - 14, Скопје, II кат, во салата за состаноци.

Заедно со понудата, задолжително се доставува доказ за уплатен депозит за учество во износ од најмалку 1% од вкупната вредност на понудата.

**Скопје, 20.01.2010 година**

**Од Комисијата за спроведување на постапката за јавната набавка**